## РЕЦЕНЗИЈА

**за избор на проф. д-р Изет Зеќири,**
**дописен член на Македонската академија на науките и уметностите,**
**од дописен во редовен член на Македонската академија на науките и уметностите**

Одделението за општествени науки на Македонската академија на науките и уметностите (МАНУ), на седницата одржана на 21 јули 2025 година, ме определи за рецензент на кандидатот **проф. д-р Изет Зеќири,** дописен член на МАНУ, за негов избор од дописен во редовен член на МАНУ. Оваа рецензија е напишана согласно со Законот на Македонската академија на науките и уметностите и Статутот на Македонската академија на науките и уметностите, како и согласно со Правилникот за постапката за избор на членови на МАНУ и на Правилникот за критериумите за избор на членови на МАНУ.

### 1. Кратки биографски податоци за кандидатот

Дописниот член на Македонската академија на науките и уметностите проф. д-р Изет Зеќири е роден на 2 јануари 1967 година во с. Џепчиште, Тетовско, Република Северна Македонија. Во 1989 година дипломирал на Економскиот факултет на Универзитетот во Приштина. Во 1993 година се запишал на постдипломски студии на Економскиот факултет на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје каде што магистрирал во 1998 година. Докторирал во 2001 година на Униврзитетот во Приштина. Проф. д-р Изет Зеќири магистрирал и докторирал на теми од областа на значењето на информациите за донесување одлуки во претпријатијата и посебно во сферата на финансискиот менаџмент. Својата универзитетска криера ја започнал во 1988, како асистент на Тетовскиот универзитет, а во 2004 година се вработил на Универзитетот на Југоисточна Европа во Тетово. Како редовен професор на Универзитетот на Југоисточна Европа во Тетово, на додипломските студии ги предавал предметите Основи на менаџментот, Стратегиски менаџмент и Лидерство, на постдипломските студии предметите Напреден стратегиски менаџмент и Менаџмент и лидерство и на докторските студии Теорија на организација, Глобален стратегиски менаџмент и Менаџмент на знаење и иновации. Во периодот 2016 – 2019 година бил декан на Факултетот за бизнис и економија на Универзитет на Југоисточна Европа. Проф. д-р Изет Зеќири бил ангажиран како професор и на други факултети во земјата и во странство. Во 2016 година бил професор на докторските студии на Програмата на Екомскиот факултет во Прилеп. Во периодот 2015 – 2019 година бил професор и раководител на Канцаларијата за обезбедување на квалитет на Универзитетот Дарданија во Приштина.

Во 2015 година, проф. д-р Изет Зеќири е избран за дописен член на МАНУ. Во периодот 2020 – 2023 година ја извршува функцијата секретар (научен) на Македонската академија на науките и уметностите и член на Извршниот одбор на Академијата. Во 2022 година, дописниот член на МАНУ проф. д-р Изет Зеќири е избран за ректор на Универзитет „Мајка Тереза“ во Скопје и таа функција ја извршува до 2025 година. Проф. д-р Изет Зеќири од 2023 година е член на Советот за унапредување на книговодствената професија, од 2024 година член на Националното координативно тело за реформи во високото образование, науката, истражувањето и развојот, а од 2025 година и член на работна група МСПДМ и УНФПА за демографија и миграции.

2. **Оцена на научноистражувачката и стручната дејност на дописниот член на МАНУ проф. д-р Изет Зеќири**

Од библиографијата на дописниот член на МАНУ проф. д-р Изет Зеќири, објавена на Веб страната на Македонската академија на науките и уметностите (manu.edu.mk), како и од документацијата што тој ја достави по објавениот конкурс за избор од дописен во редовен член на МАНУ, може да се добие целосна претстава за неговиот научен профил и за неговиот прогрес во сферата на научноистражувачката работа. Овде, посебно ќе истакнам дека, од изборот за дописен член на МАНУ па до денес, научноистражувачката и стручната дејност на проф. д-р. Изет Зеќири оди по нагорна линија, ценејќи според бројот на објавени научни и стручни трудови и според квалитетот на неговите трудови. Имено, во првите пет години по изборот за дописен член на МАНУ, неговата библиографија е збогатена со над 100 библиографски единици – книги, монографии, научни проекти, научни и стручни статии, бројни реферати поднесени на домашни и меѓународни конференции, излагања и презентации на семинари и работилници итн. Понатаму, од последниот изборен циклус во Академијата во 2022 година, па до денес, неговиот научен опус е збогатен за повеќе од 30 нови библиографски единици. Притоа, значаен број од неговите трудови (самостојни или во коавторство), во периодот по последниот изборен циклус се пишувани на англиски јазик, што е и разбирливо ако се имаат предвид неговите бројни настапи на меѓународни конференции, како и зголемениот број меѓународни научни проекти.

Фокусот на **научноистражувачката и стручната дејност** на проф. д-р Изет Зеќири е во областа на ***менаџментот*** (теорија и практика), а во овој контекст особено во сферата на *стратегискиот менаџмент, кризниот менаџмент и претприемаштвото и лидерството.* Проф. д-р Изет Зеќири се интересира и ги истражува и менаџерските проблеми и предизвици во *општествените дејности,* какви што се образованието, здравството и сл., како и менаџирањето на значајни *социо-економски процеси* – фискална децентрализација, локална самоуправа, регулацијата на домени на пазарниот неуспех итн. Ваквата ориентација на проф. д-р Изет Зеќири е разбирлива со оглед на фактот што менаџментот како филозофија на размислување и практикување е универзален феномен.

Куриозитет е дека проф. д-р Изет Зекири, во поново време, се занимава и со уметничка дејност (изработка на мозаици). Тој досега реализирал четири самостојни изложби и публикувал четири каталози. Неговата уметничка дејност е поддржана од страна на Министерството за култура на Република Северна Македонија.

Во рецензијава, најпрвин ќе ги издвојам и коментирам ***најзначајните трудови на кандидатот од областа на неговата основна научна преокупациј***а – менаџмент, стратегиски менаџмент, претприемаштво и лидерство, напишани и објавени во периодот по 2015 година (по неговиот избор за дописен член на МАНУ).

*КНИГИ И МОНОГРАФИИ*

1. Зајакнување на младите низ економското образование, Изет Зеќири, Бујамин Бела, Букурие Имери, Скопје : МАНУ. (монографија во подготовка)
2. 2021 – *Како да се биде успешен менаџер : менаџерски предизвици во современиот свет* / Изет Зеќири, Брикенд Азири. - Скопје : МАНУ, 2021. – [247] стр. – ISBN 978-608-203-340-2.
3. 2021 – *Мобинг и стрес кај вработените во Република Северна Македонија пред и во текот на ковид-пандемијата*, Изет Зеќири, Б. Азири, Ј. Мазлами, Скопје : МАНУ,

2021

4. 2021 – *Ефективноста на учењето од далечина : наставата и учењето од далечина кај високообразовните институции во Република Северна Македонија пред и во текот на ковид-19*, , И. Зеќири, Љ. Коцарев... [и др.], Скопје : МАНУ, 2020, 185 стр., ISBN 978-608-203-315-0
5. 2018 – *Bazat e menaxhimit : koncepte dhe aplikime,* Tetovë : Universiteti i Evropës Juglindore, 2018, 322 f., ISBN 978-608-248-020-6
   *Основи на менаџмент, концепти и примена*, Алфа принт, Скопје 2018
6. 2017 – *Dy vjet deputet, Shkup : Fokus print*, 2017, 622 f., ISBN 978-608-4634-23-2
   (*Две години пратеник,* Скопје : Фокус принт, 2017, 622 стр.)
7. *Menaxhmenti strategjik: Sigurimi i përparësisë konkuruese?*, 987-9951-690-35-52017 Biblioteka e Kosoves Pjeter Bogdani , 2017, 365 fq
   *Стратегиски менаџмнет, креирање на конкурентска способност* ИСБН 987-9951-690-35-52017 Народна библиотека во Косово Пјетер Богдани Косово 2017 356 str.
8. " *Distance learning during COVID-19 in the Republic of North Macedonia"* Lambert Academic Publishing is a trademark of: SIA OmniScriptum Publishing Brivibas gatve 197, LV-1039, Riga Latvia, European Union info@omniscriptum.com / www.omniscriptum.com.

*НАУЧНИ САТИИ И СТРУЧНИ ТРУДОВИ ОД ОБЛАСТА НА МЕНАЏМЕНТОТ, СТРАТЕГИСКИОТ МЕНАЏМЕНТ, ПРЕТПРИЕМАШТВОТО И ЛИДЕРСТВОТО*

1. Semantic Fault Localization for Mutation-based Program Repair, A. S. Dimovski, S. Rexhepi, G. Velinov, I. Zeqiri, in *13th Mediterranean Conference on Embedded Computing (MECO)*, Budva, Montenegro : IEEE, 2024, Article 10577846 (5 p.)
2. Occupational Safety Awarness Measuring Tool Among Agricultural Workers in North Macedonia, M. Lutovska, Z. Trifunov, I. Zeqiri ... [et al.], in *Proceedings* [Ел. извор*]. 7th International Scientific Conference "Conference on Mechanical Engineering Technologies and Applications" COMETa 2024, East Sarajevo, 14th - 16th November, 2024*], [eds. B.Marković, M. Milutinović, D. Milić], East Sarajevo : University of East Sarajevo ǂFaculty of Mechanical Engineering, 2024, pp. 544–549
3. Organizational culture and Leadership as predictors of motivation in an organization, A. Zeqiri, I. Zeqiri in *European Journal of Sustainable Development*, ISSN 2545-4463 (p), 2545-4471 (on), Vol. 7, issue 1 (2023), pp. 84–90
4. Analyses of Brain Drain, Causes, Losses and Opportunities, I. Zeqiri, B. Fetaji in *European Journal of Sustainable Development*, ISSN 2545-4463 (p), 2545-4471 (on), Vol. 7, issue 1 (2023), pp. 31–37
5. „Бизнис-стратегии на фирмите во услови на ковид-19", во *Истражувачки активности на МАНУ за надминување на пандемијата на ковид-19*, Уред. одбор Љ. Коцарев, претс., Ж. Попов, Г. Бајрам ... и др., Скопје : МАНУ, 2021, ISBN 978-608-203-318-1, стр. [161] –174
6. "The impact of quality and organizational culture on employee satisfaction", I. Zeqiri, A. Zeqiri, in *Knowledge : international journal : scientific papers*, ISSN 1857-923X (p), 2545-4439 (e), Vol. 40 (2020).

7. “The Very Essentials of Strategic Management Tools,” B. Aziri, , I. Zeqiri.In *International Scientific Journal in Economics, Finance, Business, Marketing, Management and Tourism*, ISSN 2545- 4544, Vol. 7 no. 13–14 (2020), pp. 87–98
8. “Financial Performance Analysis of Banks in the Republic of North Macedonia: An Overview”, F. Deari, I. Zeqiri, in *Bulletin of the Transilvania University of Brasov*, ISSN 2065-2194 (p), 2065-2208 (e), Vol. 13(62), no. 1 (2020), (Series V. Economic Sciences), pp. 65–72
9. .“Corporate Governance in North Macedonia, Albania and Kosovo: A Comparative Analysis”, B. Aziri, , I. Zeqiri, in *ISCBIT 2020 : Proceedings of the Fourth International Scientific Conference on Business and Information Technologies,* Tetovo, Faculty of Business and Economics, SEEU, 2020, pp. 29–38
10. “Devising Multidimensional Assessment Integrated (MAI) Model of Business Decision Support Software Systems”, B. Fetaji , M.Fetaji, I. Zeqiri, in *International Journal of Innovations in Management, Engineering and Science (IJIMES)*, ISSN 2455-9008, Vol. 5, issue 3 (May 2020), pp. 1–7
11. „Корпоративното управување и перформансата на современите корпорации“, И. Зеќири, Б. Азири, Ј. Мазлами, во *Прилози. Одделение за општествени науки (МАНУ) = Contributions. Section of Social Sciences (MASA)*, ISSN 0350-1698, L, 1–2 (2019), стр. [27]–47
12. “Creating competitive advantage of firms through using different techniques and tools of strategic management”, in *Knowledge : international journal : scientific papers*, ISSN 2545-4439 (p), 1857-923X (e), Vol. 31.5 (June 2018), pp. 1223–[1228]
13. “Some Simulations On The Portfolio Risk And Return: A Methodological Note”, Deari, F., Zeqiri, I., Aliji, S, in *Globalization and Business*, ISSN 2449-2396 (p), 2449-2612 (on), No. 7 (2019), pp. 59–62
14. “The effect of supportive policies on SME development – Kosovo case, K. Ukshini”, [I. Zeqiri], in *European Integration - Realities and Perspectives Proceedings: 13th International Conference on European Integration - Realities and Perspectives*, May 18th–19th, 2018, ISSN 2067-9211 (p), 2069-9344 (on), Vol. 13 (2018), pp. 200–210
15. “Business Strategies: A Key to Being Successful in the Republic of Macedonia”, J. Mazllami, I. Zeqiri, B. Aziri, in *8th International Scientific Conference of Bussines Faculty "Economic Policy and EU Integration"*, May 4–5, 2018 : [Proceedings], Durrës : UAMD, 2018
16. „Стрес на работа“, во *Прилози. Одделение за општествени науки (МАНУ) = Contributions. Section of Social Sciences (MASA)*, ISSN 0350-1698, XLVIII, 1–2 (2017), стр. [99]–115
17. „Time Management Among Managers in the Pollog Region“, I. Zeqiri, B. Aziri, J. Mazllami, in *Review of Innovation and Competitiveness : a Journal of Economic and Social Research*, ISSN 1849-8795 (p), 1849-9015 (on), Vol. 3, issue 3 (2017), pp. 39–46.
18. “The role of information in financial decision making process: A theoretical view”, I. Zeqiri, F. Deari, S. Aliji, in *Globalization and Business : scientific-practical journal*, ISSN (p) 2449-2396, 2449-2612 (on), № 3 (2017), pp. 17–20
19. “Managing of the 2008 Financial Crisis by The Government of the Republic of Macedonia and its Impact on the Business Sector”, J. Mazllami, I. Zeqiri, B.

Aziri, in *Globalization and Business : scientific-practical journal*, ISSN 2449-2396 (p), 2449-2612 (on), № 3 (2017), pp. 36–43

20. "Role of Innovations in the Development of New Business", Izet Zeqiri, K. Ukshini, in *Economic analysis of global trends in tourism, finance, education and management : conference proceedings : 4th Biennial Intern. scient. congress of business, economics, sport and tourism "Iconbest" 2015*, Skopje : University of Tourism and Management, 2016
21. „Ефекти од мобинг и негово сузбивање", Изет Зеќири, Б. Азири, in *Knowledge : international journal : scientific papers: "The Teacher of the Future" Ninth International Scientific Conference 17-19.6.2016, Durres, Albania*, ISSN 1857-92, Vol. 13.3 (2016), pp. 79-83
22. „Менаџмент на знаење како предизвик на фирмите за интегрирање во глобалната економија", Изет Зеќири, Б. Азири, in *(JPMNT) Journal of Process Management - New Technologies, International : [The Intern. Scient. Conference "Knowledge for Health", Bansko, 17-19 April 2015]*, ISSN 2334-735X (print), 2334-7449 (online) = *Knowledge : international journal : scientific and applicative papers. V8/1*, ISSN 1857-92, Vol. 8-1, spec. ed. (April 2015), pp. 358-366.
23. "An Analysis of CSR in the Republic of Macedonia", Izet Zeqiri, F. Shishko, in *ICESoS'15: Intern. Conf. on Economic and Social Studies. Regional Economic Development: Business perspectives, April 23-24, 2015 Sarajevo, Bosnia and Herzegovina : proceeding book*, editors Teoman Duman Merdžana Obralić, Sarajevo : International Burch University, 2015, ISSN 2303-4564, Vol. 2, no. 2 (April 2015), pp. 247-251

Претходно нотираните научни и стручни трудови на проф. д-р Изет Зеќири елаборираат една релативно широка палета на релевантни теми од областа на неговата основна научна преокупација, односно од областа на менаџментот и во негови рамки на стратегискиот менаџмент, претприемаштвото и лидерството. Дел од книгите и монографиите (седум книги и монографии) се пишувани во коавторство, но кај сите книги проф. Зеќири е прв автор. Дел од статиите кои се најдиректно поврзани со неговата основна научна преокупација (23 нотирани статии), главно, се пишувани самостојно, а само неколку од нив во коавторство. Бројните прашања, проблеми и предизвици кои се предмет на проучување на менаџментот, како универзален феномен и процес, во трудовите на проф. Изет Зеќири, се елаборирани на модерен начин, онака како што е тоа случај со третманот на оваа проблематика од страна на релевантни и познати автори во светот. Ваквата констатација ја аргументирам со фактот што дописниот член на МАНУ проф. Зеќири, како што може да се заклучи од неговите трудови, е застапник на тезата на т.н. проширен концепт на менаџментот. Тоа претпоставува три значајни поимања на модерниот концепт на менаџментот: ***прво,*** функцијата на менаџерите во современи услови не се исцрпува само со настојувањето тие да осигурат рационално користење на расположливите ресурси во претпријатијата (човечки, материјални и финансиски), односно да осигурат нивно ефикасно и ефективно користење, туку и во нивното настојување, низ ваквиот приод, да придонесат за благосостојбата на сите вработени во претпријатијата и во другите деловни ентитети, но и пошироко, надвор од нив – за доставувачите, клиентите и општеството во целина. Ваквиот пристап е во директна врска со она што во теоријата и практиката на современиот менаџмент се означува како општествена одговорност на фирмите, филонтропија и

космополитизам; ***второ,*** вистинските и успешни менаџери денес сè повеќе се и мудри претприемачи, т. е. луѓе кои носат иновации, кои вршат успешна комбинација, рекомбинација и заемна супституција на расположливите ресурси, со цел да ги минимизираат трошоците на работењето, и кои преземаат ризик.. Во оваа смисла, денес говориме и за претприемаштво во големите корпорации – т.н. корпоративно или внатрешно претприемаштво; ***трето,*** менаџментот и претприемаштвото, денес, сè повеќе се поместуваат и кон ентитети надвор од класичното поимање на бизнис-секторот, односно кон општествените дејности: менаџерско и претприемачко водење на образовни институции, здравствени институции, институции во сферата на културата и сл.; ***четврто,*** дел од менаџерите и претприемачите (дел, не сите) денес се и вистински лидери, кои својата позиција, моќ, респект и водство во фирмите и другите деловни ентитети не ја засноваат на нивната позиција во хиерархиската скала на организациите, туку на нивните способности, знаења и умеења, да комуницираат со сите вработени, да ги мобилизираат и да ги мотивираат за постигнување на целите на организацијата, без принуда. Споменати аспекти на модерниот третман на менаџментот, во најширока смисла, провејуваат и се испреплетуваат во трудовите на проф. д-р Изет Зеќири. Ако добро се проследат и анализираат статиите на д-р Зеќири кои се директно поврзани со неговата основна научна преокупација, може да се заклучи дека тој елаборира, низ менаџерски пристап, многу значајни теми за македонскиот бизнис-сектор и за други деловни ентитети. Имено, неговите анализи се однесуваат на прашања и области во кои нашата земја се соочува со значајни проблеми и кои се најдиректно поврзани со успешното функционирање на економијата. Тоа, особено се однесува на следниве прашања: управување со човечките ресурси (човечкиот капитал) во организациите и посебно во јавниот сектор, значењето на знаењето и на иновациите за перформансите на корпорациите и на македонската економија, градење на менаџерска и претприемачка култура, унапредување на корпоративното управување во организациите, разрешување на конфликти во организациите (мобинг, стрес, страв и отпор спрема иновации и сл.), особено во време на големи и длабоки рецесии и улогата на кризниот и стратегискиот менаџмент во вакви услови, поддршка на иновативноста и на претприемаштвото и сл. Во сите споменати сфери, Република Северна Македонија се соочува со сериозни проблеми и тешкотии. Оттука, мое мислење е дека со модерниот третман на менаџментот, како што претходно истакнав, и со сосредоченоста на кандидатот д-р Изет Зеќири да се зафати со проучување на сериозни менаџерски теми и проблеми, типични за нашето општество, тој дава значаен придонес во трансферот на нови знаења од овие области, толку неопходни и корисни за студентите во нашата земја, за нашите менаџери и претприемачи и за креаторите на економските политики. ***Научниот придонес*** во неговата основна научноистражувачка ориентација го гледам во фактот што д-р Изет Зеќири, како одличен познавач на современите теоретски и практични концепти во областа на менаџментот, успева нив да ги елаборира, обмисли и приспособи за имплементација во македонските конкретни и специфични услови, т. е. во окружување и бизнис-амбиент кој сè уште не ги достигнал стандардите на развиена и функционирачка пазарна економија – од аспект на човечкиот капитал и фондот на знаења, од аспект на институциите иманентни за напредните пазарни економии, од аспект на организациската, менаџерската и претприемачката култура и сл.

Во досегашната научноистражувачка работа проф. д-р Изет Зеќири дал значаен ***научен и стручен придонес*** и во елаборацијата и осмислувањето на менаџерски пристапи за разрешување на проблеми во сфери кои се надвор од класичниот третман на бизнис-секторот, односно ***во сфери кои во себе инкорпорираат значајна социо-економска димензија***: образование, здравство, регионален развој, локална самоуправа и фискална

децентрализација, домени на пазарен неуспех и слично. Овде ќе селектирам дел од трудовите во кои д-р Зеќири ги третира овие теми и прашања.

### *НАУЧНИ И СТРУЧНИ СТАТИИ КОИ ТРЕТИРААТ МЕНАЏЕРСКИ ПРАШАЊА И ПРЕДИЗВИЦИ ОД ОБЛАСТА НА ОПШТЕСТВЕНИТЕ ДЕЈНОСТИ, РЕГУЛАЦИЈАТА НА ДОМЕНИТЕ НА ПАЗАРНИОТ НЕУСПЕХ, ЛОКАЛНАТА САМОУПРАВА И ДЕМОГРАФИЈАТА*

1. Демографскиот потенцијал како главен предуслов за развој на Република Северна Македонија, И. Зеќири, во *Современата македонска држава – две етапи во процесот на нејзиното формирање и развој: 1941 – 1991 / 1991 – 2021 : зборник од научни трудови : конференција одржана во Македонската академија на науките и уметностите, во соработка со Институтот за национална историја, на 27 и 28 септември 2021 година*, [уред. Д. Ѓоргиев], Скопје : МАНУ, 2024, ISBN 978-608-203-390-7, стр. 139–152

2. „Показатели на фискалната децентрализација на локалните финансии: компаративна анализа на Република Северна Македонија на поранешните југословенски републики", Ј. Мазлами, И. Зеќири, Б. Азири, во *Предизвиците на фискалната политика во периодот на пандемијата од ковид-19 и перспективи во посткризниот период : зборник на трудови од научната конференција одржана во Скопје на 20 мај 2021 година*, [уред. Т. Фити], Скопје : МАНУ, 2021, ISBN 978-608-203-332-7, стр. [307]–324

3. Функционирањето на регулаторните комисии во Република Северна Македонија, нивната независност – компаративно искуство, И. Зеќири, Б. Азири, Ј. Мазлами, во Економски медитации : зборник на трудови по повод 70 години од раѓањето на Таки Фити, [уред. Г. Петрески], Скопје : МАНУ, 2020, ISBN 978-608-203-307-5, стр. [261]–279

4. „Ефективноста и ефикасноста на регулаторните тела во Република Северна Македонија", во *Значењето на регулаторните институции за изградба на функционална пазарна економија во Република Северна Македонија : Зборник на трудови од тркалезната маса*, Скопје, 12 февруари 2020 година, уред. Таки Фити, Скопје : МАНУ, 2020, ISBN 978-608-203-310-5, стр. 43–70

5. „Финансирањето на високото образование во Република Македонија – компаративна анализа со избрани земји од регионот и ЕУ", во *Идни предизвици на економскиот развој и економските политики на Република Македонија : Зборник од научната конференција* одржана во Охрид на 4-5 октомври 2018 година, Уред. одбор Т. Фити претсед., Г. Петрески, И. Зеќири, Скопје : МАНУ, 2019, ISBN 978-608-203-251-1, стр. [307]–330

6. "Unbalanced regional economic growth in the Republic of Macedonia", J. Mazllami, I. Zeqiri, in *Book of Procedings : International Scientific Conference: Beginnings of Political Pluralism in Macedonia and Post-Communism, Skopje,* SEEU, 18th–19th October 2018, Skopje FCSS, SEEU, 2019, ISBN 978-608-248-030-5, pp. 91–108

7. "The new model of local economic development of the municipality of Tetovo, a comparative analysis between Tetovo and Maribor Slovenia", J. Mazllami, I. Zeqiri, B. Aziri, in *Knowledge : international journal : scientific papers*, ISSN 2545-4439 (p), 1857-923X (e), Vol. 26.1 (September 2018), pp. 227–[234

8. „Ефикасен модел на финансирање, предуслов за квалитет и развој на високото образование во Република Северна Македонија", во *Владеење на правото, доброто управување и квалитетот на институциите : Зборник ан трудови од Тркалезната маса,* одржана на 15 ноември 2019 година во Берово = *Върховенство на правото, доброто управление и качеството на институциите : сборник с материали от Кръгла маса проведена на 15 ноември 2019 г.* в Берово, уред. В. Камбовски ; ред. одбор Т. Фити ... [и др.], Скопје : МАНУ ; София : БАН, 2019, ISBN 978-608-203-289-4, стр. 89–105

9. "Universities as a service factory: lessons from marketing", S. Koku, I. Zeqiri, in *Marketing : македонско меѓународно списание за маркетинг = macedonian international journal of marketing,* ISSN 1857-9787, Year 4, no. 8 (2018), стр. 50–55

10."Sustainable Financing of Higher Education in Macedonia Precondition for Increasing Quality in Higher Education", in *Business education in the 21st century : conference proceedings [El. resource], 2nd international scientific conference on business and economics* (ISCBE'18) ; [ed. I. Zeqiri], Tetovo : SEEU, 2018., начин на пристап (URL): http://conf.seeu.edu.mk (PDF), ISBN 978-608-248-028-2, стр. 10–19

11. "Labor market in the Republic of Macedonia on the road to the European Uniuon", Izet Zeqiri, J. Mazllami, B. Aziri, in *The Republic of Macedonia on its path towards the European Uniuon (2020) - experiences, challenges and perspectives : Proceedings from the international scientific conference,* held on 6 May, 2016, [ed. board T. Fiti... et al.], Skopje : MASA : SEA, Government of RM, 2016, ISBN 978-608-203-179-8, 978-608-65718-7-0 , pp. 233-245

12. "Regional Development as An Imperative for Fostering the Development of Republic of Macedonia", I. Zeqiri, J. Mazllami. in *Knowledge : international journal : scientific papers: "The Teacher of the Future" Thirteenth International Scientific Conference 25–28.5.2017, Budva, Montenegro*, ISSN 2545-4439 (p), 1857-923X (e), Vol. 17.1 (2017), pp. 409–422

13. "Balanced scorecard and its benefits for universities", I. Zeqiri.In *Conference Proceedings : ISCBE'17, International Scientific Conference on Business and Economics "Building bridges between business research and industry needs"* [El. resource], [edit. I. Zeqiri], Tetovo : SEEU, 2017, ISBN 978-608-248-017-6, pp. 6–10, mode of access (URL): https://conf.seeu.edu.mk/wp-content/uploads/2017/10/ISCBE17-PROCEDING-BOOKS-JM-FINALE-22-10-2017.pdf

14. "The Power of Knowledge: Contemporary View on Leadership in Organizations", Izet Zeqiri, B. Aziri, in *Knowledge : international journal : scientific and applicative papers: 2-4.10. 2015 Agia Triada*, ISSN 1857-92, Vol. 10/1 (2015), pp. 27-[30]

15. „Менаџментот на ланецот на набавка во јавните здравствени институции во Република Македонија", Izet Zeqiri, A. Ferati, K. Ferati, in *(JPMNT) Journal of Process Management - New Technologies, International : [The Intern. Scient. Conference "Knowledge - Who and What", Bansko, 21-25 May 2015]*, ISSN 2334-735X (p), 2334-7449 (on) = *Knowledge : international journal : scientific and applicative papers. V9*, ISSN 1857-92, Vol. 9 (May 2015), pp. 49-55

16. "Strategic Planning in Function of Quality Assurance in Higher Education Institutions in Macedonia", Izet Zeqiri, B. Aziri, in *Quality of Assessment, Qualification and Evaluation in Higher Education : conference proceedings*, Tetovo : SEEU, 2015, ISBN 978-608-4503-99-6, pp. 155-166.

17. Analyses of University Research Commercialization in Underdeveloped Countries: A Case Study of North Macedonia, B. Fetaji, M. Fetaji , M. Ebibi, I. Zeqiri, A. Hasan, in *SAR Journal*, ISSN 2619-9955 (p), 2619-9963(e), Vol. 6, issue 4 (2023), pp. 281–287

*Образованието*, посебно високото образование, коешто е предмет на интерес и широка елаборација на кандидатот, кај нас е соочено со сериозна криза која во последните 15-20 години забележа понатамошно продлабочување. Елементите на криза на високото образование се евидентни во бројни сегменти: отсуство на конзистентна стратегија за развој на високото образование и науката, намалување на образовниот и научноистражувачкиот капацитет на високообразовните институции, екстензивна, хипертрофирана и неефикасна универзитетска мрежа, маргинализирана научноистражувачката дејност, маргинализирана улога на бизнис-секторот во процесот на стратегиско планирање и програмирање, управување и финансирање на образованието и науката, што резултира и во евидентна неусогласеност на високото образование со потребите на пазарот на трудот, ниски вложување во образованието и истражувањето и развојот, отсуство на добро конципиран систем на финансирање на високото образование и науката, егзистенција на сериозен јаз (gap) помеѓу знаењата и вештините што ги обезбедува образованието и барањата на пазарот на трудот, ниска ефикасност на високообразовниот систем и на пазарот на трудот итн. Во неговите трудови од оваа област посебно место заземаат препораките за обмислување на нов и добро конципиран систем на финансирање на високото образование, базиран врз повеќекритериумски пристап, како ургентна задача со цел да се елиминираат рецидивите од минатиот систем на финансирање на високото образование, својствен за периодот кога постоеја т.н. СИЗ-ови.

Проф. д-р Изет Зеќири темелно ги анализира и проблемите во сферата на *локалните финансии*, финансиските перформанси на единиците на локалната самоуправа и процесот на фискална децентрализација во Република Северна Македонија. Во оваа смисла, тој дава продлабочена, аргументирана и издржана анализа на клучните проблеми во оваа сфера: слабиот фискален капацитет на одделни општини, недозволено низок степен на прибирање на локалните даноци во дел од единиците на локалната самоуправа, вклучувајќи тука и големи општини (Карпош, Тетово, Аеродром и Чаир), што понатаму резултира со нивна презадолженост, ниската ефективност во реализацијата на капиталните инвестиции итн. Во трудовите посветени на оваа проблематика, д-р Зеќири јасно ги разграничува поимите ефикасност и ефективност на единиците на локалната самоуправа, елаборирајќи ги можните ситуации и комбинации на овие два принципа (ниска ефикасност и висока ефективност, ниска ефикасност и ниска ефективност, висока ефикасност и висока ефективност, висока ефикасност и ниска ефективност), што е извонредно значајно за поставување дијагноза на проблемите и за сугерирање мерки на креаторите на политиките за подобрување на состојбите. Според д-р Зеќири, можните пристапи за разрешување на овие проблеми треба да се бараат во окрупнување на општините и тоа според граѓански, а не етнички критериуми, во јакнење на менаџерските способности на градоначалниците (во разрешувањето на клучните проблеми, тие треба да се водат не само од сопственото искуство, туку и од она што го кажува научната дисциплина менаџмент), креирање сопствен систем на мониторинг на финансиското „здравје“ на единиците на локалната самоуправа, реално планирање на приходите и расходите, зголемување на фискалната дисциплина, зголемување на транспарентноста, промени во сферата на можностите за задолжување на единиците на локалната самоуправа, начини за избегнување на моралниот хазард што го предизвикува некритичкото покривање на долговите на единиците на локалната самоуправа од страна на централната власт и сл.

Во истражувањата на кандидатот Зеќири се третираат и прашања од сферата на *регулацијата* (економска и општествена) на т.н. домени на пазарен неуспех. Иако во оваа област се постигнати одредени успеси (поставени се регулативи институции во Северна

Македонија, постигнат е одделен напредок во зајакнување на нивната самостојност и независност наспроти извршната власт, стекнати се одредени искуства за начинот на функционирање на регулаторните институции и сл.), сепак, во оваа сфера се присутни и евидентни проблеми – во смисла на ефикасноста и ефективноста на постојните регулаторни институции, рационалноста/нерационалноста на поставеноста на мрежата на регулаторни институции во мала економија, каква што е македонската економија, квалитетот на расположливите човечки ресурси во оваа област и сл. Професор Зеќири, низ анализата на приливот на средства во билансите на некои од овие институции, што тие ги наплаќаат за услугите кои им ги нудат на граѓаните и бизнисите, открива постоење на висока нерационалност, односно дисбаланс меѓу средствата што тие ги прибираат (што се сведува на остварување високи профити во непрофитни институции) и услугите кои ги нудат. Врз оваа основа, тој се застапува за разрешување на проблемот преку намалување на приливите, што во практиката би се свело на враќање на дел од средствата на граѓаните и бизнисите, т. е. на на корисниците на услугите кои ги нудат регулаторните институции.

Во поново време, проф. д-р Изет Зеќири се интересира и за *демографската проблематика* во нашата земја. Станува збор за вонредно значајно прашање со оглед на фактот што Северна Македонија е соочена со сериозна опасност од губење на демографскиот потенцијал (поради опаѓањето на стапките на природен пристап на населението и особено поради интензивниот процес на миграција на популацијата). Неодамна, експертите на Светска банка соопштија дека Северна Македонија го зазема третото место по брзината на намалување на населението во европските земји (веднаш зад Албанија и Бугарија). Сето ова има долгорочни негативни импликации врз понудата на работна сила (посебно на млада високообразована работна сила) и врз динамиката и квалитетот на економскиот развој на земјата во целина.

Она што се проткајува како црвена нитка во анализата на областите со ***нагласена социо-економска димензија*** и, воопшто, во целокупниот научен и стручен опус на проф. Зеќири е неговата темелност во истражувањето, длабоката аналитичност при истражувањето на областите, подрачјата и темите кои се во фокусот на неговата научна и стручна работа и преокупација и поткрепеноста на истражувањата со детална, педантна и грижливо одбрана статистичка евиденција. Критичкиот пристап во анализираната материја, јасната идентификација на клучните проблеми и неговата способност, врз база на теоретските знаења, да понуди аргументирани практични решенија за потребите на менаџерите на македонските претпријатија и за креаторите на политиките во областите кои ги истражува, исто така, е темелна карактеристика на професорот Зеќири. Во оваа смисла, неговите настапи на научни конференции, семинари и работилници се следени со интерес и редовно предизвикуваат и анимираат дискусии и дебати меѓу учесниците на научните и стручните настапи.

Проф. д-р Изет Зеќири, по неговиот избор за дописен член на МАНУ, активно партиципира и во подготвка на ***научноистражувачки проекти – меѓународни и национални.*** Тој бил координатор на проектот TEMPUS – Doctoral Programme in Entrepreneurship and SME Management, на Универзитетот на Југоисточна Европа во Тетово (2014 – 2016); координатор и соработник на TEMPUS Project "Using Local Resources for Micro Regional Development – Sustainable Agribusiness and Tourism in the Southern Balkans", на Универзитетот на Југоисточна Европа во Тетово (2015), а е и учесник (соработник) во изготвувањето на следниве проекти: „Одржлив и инклузивен рамномерен регионален развој“, проект финансиран од Швајцарската агенција за развој, во соработка со Министерството за локална самоуправа на РСМ, 2019; „Развитие иинтеграция в Югоизточна Европа: постигнат напредък и съвременни предизвикателства“, Бургас,

България, 24–26 септември 2018; International project MInkluWB: Mentoring-based Inclusion in business and economics study programs with regional focus on Western Balkans, 2017. (Учесници: Универзитет во Падерборн – Германија, УЈИЕ – Тетово, Универзитет во Ниш и Универзитет во Сараево), *Истражувачки активности на МАНУ за надминување на пандемијата на ковид-19*, Уред. одбор Љ. Коцарев, претс., Ж. Попов, Г. Бајрам ... и др., Скопје : МАНУ, 2021, ISBN 978-608-203-318-1, стр. [161]–174. Во периодот по последниот изборен циклус на МАНУ, проф. д-р Изет Зеќири како експерт е вклучен во изрботката на четири вонредно значајни меѓународни проекти кои третираат сериозни проблеми со кои се соочуваат младите денес: говор на омраза, здравствени проблеми и сл. Станува збор за следниве проекти:

Project: 2023-1-BG01-KA220-YOU-000151355 Let's STOP Hate speech, Acronym: LSSH, 01.09.2023 – 31.08.2025. (експерт)
Prevention of Youth Risky Viral Trends 2022-1-BG01-KA220-YOU-000085174, Acronym PRV, 01.11.2022 – 31.10.2025. (експерт)
Project: Bioinforming the youth, (PN:5-055) of Western Balkans Fund, 01.01.2023 – 01.06.2023. (експерт)
Project: A Digital Learning Platform for Generation Z: Passport to IFRS, Project Duration: 01.05.2021 – 03.04.2023.

Резултатите од своите истражувања, т. е. од научната и стручната дејност, кандидатот д-р Изет Зеќири ***ги презентирал*** на бројни научни конференции, симпозиуми, форуми и сл., одржани во земјата и во странство – во периодот од 2015 година до денес, тој реализирал повеќе од 70 презентации, од кои 19 во периодот по последниот изборен циклус во МАНУ.

По изборот на проф. д-р Изет Зеќири за дописен член на МАНУ, паралелно со зголемувањето на бројот на објавени научни и стручни трудови, се забележува и пораст на **цитираноста на негови трудови**. Во базата на податоци за цитираност се евидентирани: Citation 75; H-indeks 6 и i-10 indeks 1.

Професорот Изет Зеќири постигнал забележителни резултати и во доменот на **експертската и советодавната дејност**, со што влијае и врз креирањето политики во областа на науките, поврзани со неговата научноистражувачка и стручна дејност. Пред неговиот избор за дописен член на МАНУ, бил консултант на министерот за економија и на Министерството за транспорт и врски, како и потпретседател на Бордот за акредитација на високото образование при Министерството за образование и наука (МОН). Тој, исто така, бил и потпретседател на Комисијата за избор на универзален снабдувач со електрична енергија при Владата на РСМ. Од 2024 година е советник на претседателот на Владата на РСМ, член на Националното координативно тело за реформи во високото образование, науката, истражувањето и развојот и член на Националниот совет за развој при Владата на РСМ.

Кандидатот активно учествува и во едукацијата и тренинзите на менаџери и на вработени во фирми и други институции – едукација на менаџери и на вработени во Македонија, Албанија и Косово, Скопје, „Алма-М" ДООЕЛ, 2021, тренинзи во „Флуент" за комуницирање и емоционална интелигенција, Проект дипломатски протокол, финансиски консултант на компанијата „Геен продукт" од Тетово и сл. Овде ќе истакнам дека апликативната и консултативната дејност на професорот Зеќири е вообичаена во работењето на експерти и универзитетски професори од областа на менаџментот, бидејќи претставува форма на освежувања на знаењата на вработените во фирмите, форма на

стекнување нови знаења, но и составна компонента на формирањето на човечкиот капитал – сфера во која нашите фирми и нашата земја се соочуваат со сериозни проблеми. Оттука, таквиот придонес на проф. д-р Изет Зеќири не треба да се запостави, бидејќи неговите знаења и вештини во апликативната сфера се нераскинливо поврзани, односно, de facto, се логичен продукт на неговата научноистражувачка работа.

Дописниот член на МАНУ проф. д-р Изет Зеќири ***учествува и во работата на редакциски колегиуми на национални, странски и меѓународни научни списанија, во својство на уредник или член на редакциски колегиуми.*** Тој бил член на Уредувачкиот одбор на зборникот „Истражувачки активности на МАНУ за справување со пандемијата од ковид-19" / Уред. одбор Љ. Коцарев, претсед., Ж. Попов, ... И. Зеќири ... и др. – Скопје : МАНУ, 2021. – 301 стр. – ISBN 978-608-203-318-1; претседател на Уредувачкиот одбор на списанието *Прилози* на Одделението за општествени науки (МАНУ) = Contributions. Section of Social Sciences (MASA), Скопје : МАНУ = Skopje : MASA (ISSN 0350-1698); уредник на изданието *Споменица* посветена на Георги Старделов, редовен член на Македонската академија на науките и уметностите / [уред. И. Зеќири]. – Скопје : МАНУ, 2021. – 118 стр. – ISBN 978-608-203-335-8 и Member [Член] на International Editorial Board [Меѓународен уредувачки одбор] на списанието: Knowledge : international journal : scientific [and] professional papers, Skopje : Institute of knowledge management (ISSN 1857-923X - p, 2545-4439 - e).

Проф. д-р Изет Зеќири има искуство и во **јавниот менаџмент**, односно во раководењето со јавни институции. Овде посебно ќе истакнам дека тој, во периодот 2016 – 2019 година, бил декан на Факултетот за бизнис и економија – СЕЕУ во Тетово, раководител на Канцеларијата за обезбедување на квалитет на Универзитетот „Дарданија" во Приштина, а од 2020 година, со голема посветеност, ја извршува и функцијата секретар (научен секретар) на МАНУ. Во периодот 2022 – 2025 година, бил ректор на Универзитетот „Мајка Тереза" – Скопје, при што, благодарение на неговото искуство во водењето и работењето на високообразовни институции, одиграл значајна улога во основањето и консолидирањето на работењето на Универзитетот.

### 3. Образовно-педагошка дејност и продукција на кадри

Како редовен професор на Економскиот факултет во рамките на Универзитетот на Југоисточна Европа во Тетово, проф. д-р Изет Зеќири држи предавања и курсеви на група предмети од областа на менаџментот на додипломските студии (Основи на менаџментот, Стратегиски менаџмент, Лидерство), на постдипломските студии (Напреден стратегиски менаџмент и Менаџмнет и лидерство) и на докторските студии (Теорија на организација, Глобален стратегиски менаџмент и Менаџмент на знаење и иновации). Како универзитетски професор, тој држи предавања и на Универзитетот „Дарданија" во Приштина, како и на докторските студии на Економскиот факултет во Прилеп. Наставата е покриена со негови учебници и практикуми: Bazat e menaxhimit : koncepte dhe aplikime, Tetovë : Universiteti i Evropës Juglindore, 2018, 322 f., ISBN 978-608-248-020-6 (Основи на менаџмент, концепти и примена, Алфа принт Скопје 2018); Menaxhmenti strategjik: Sigurimi i përparësisë konkuruese?, 987-9951-690-35-52017 Biblioteka e Kosoves Pjeter Bogdani , 2017 (Стратегиски менаџмент, креирање на конкурентска способност) ИСБН 987-9951-690-35-52017, Народна библиотека „Пјетер Богдани" во Косово, 2017. Оттука, произлегува и неговиот придонес во едукацијата на високообразовани кадри од областа менаџмент (дипломирани економисти, магистри и доктори на науки) не само на Универзитетот на

Југоисточна Европа во Тетово, на Тетовскиот универзитет, на Универзитетот „Мајка Рреза“ – Скопје, туку и на факултетите во Прилеп и во Приштина. Професор д-р Изет Зеќири бил ментор на пет докторанди, на повеќе од 30 магистранди и на 15 специјализанти. Тој, исто така, е ангажиран и во рецензирање на научни трудови и монографии од автори од земјата и надвор од неа.

### 4. Заклучок и предлог

Врз основа на сè што е кажано досега, можам со задоволство да констатирам дека проф. д-р Изет Зеќири, од неговиот избор за дописен член на МАНУ во 2015 година, па до денес, во научноистражувачката и стручната дејност, во апликативно-консултативната дејност и во образовно-педагошката дејност, оценети низ призмата на критериумите содржани во Законот за Македонската академија на науките и уметностите, Статутот на Македонската академија на науките и уметностите, како и во Правилникот за постапката за избор на членови на МАНУ и Правилникот за критериумите за избор на членови на МАНУ, постигнал значајни резултати, достојни за почит. Во овој контекст, посебно сакам да потенцирам дека:

– По изборот во дописен член на МАНУ, видлив е евидентен напредок во неговата научноистражувачка и стручна дејност, од квантитативен аспект (голем број научни и стручни трудови изготвени и објавени по 2015 година), но и од квалитативен аспект – модерна, темелна и аргументирана елаборација на материјата којашто влегува во доменот на неговата основна научна преокупација (менаџмент – теорија и практика), како и продлабочена и издржана анализа на менаџерски прашања, теми и проблеми во дејности со нагласена социоекономска димензија – образование, здравство, регулација, регионален развој и фискална децентрализација;

– Научниот придонес во неговата основна научноистражувачка ориентација, но и во елаборацијата на теми кои навлегуваат во социоекономската сфера го гледам во фактот што д-р Изет Зеќири, како одличен познавач на современите теоретски и практични концепти во областа на менаџментот, успева нив да ги елаборира, обмисли и приспособи за имплементација во македонските конкретни и специфични услови, т. е. во окружување и бизнис-амбиент кој сè уште не ги достигнал стандардите на развиена и функционирачка пазарна економија – од аспект на човечкиот капитал и фондот на знаења, од аспект на институциите иманентни за напредни пазарни економии, од аспект на организациската, менаџерската и претприемачката култура и сл.;

– Она што се проткајува како црвена нитка во целокупниот научен и стручен опус на проф. Зеќири е неговата темелност во истражувањето, длабоката аналитичност при истражувањето на областите, подрачјата и темите кои се во фокусот на неговата научна и стручна работа и преокупација и поткрепеноста на истражувањата со детална, педантна и грижливо одбрана статистичка евиденција. Тоа му овозможува на кандидатот да постави вистинска „дијагноза“ на проблемите во истражуваните области и да понуди издржани, научно фундирани, сугестии за решавање на проблемите;

– Д-р Изет Зеќири постигнал значајни резултати и во областа на експертската, апликативната и консултативната дејност. Ангажманот во споменативе сфери е вообичаена практика во работењето на експерти и универзитетски професори од областа на менаџментот, бидејќи претставува форма на освежување на знаењата на вработените во фирмите и во јавните институции, форма на стекнување нови знаења, но и составна компонента на формирањето на човечкиот капитал – сфера во која нашите фирми и нашата земја се соочуваат со сериозни проблеми. Оттука, таквиот придонес на проф. д-р Изет Зеќири не треба да се запостави, бидејќи неговите знаења и вештини во експертската,

апликативната и консултативната сфера се нераскинливо поврзани, односно, de facto, се логичен продукт, на неговата научноистражувачка работа;

– Мојата оцена на степенот на исполнетост на критериумите за избор на членови на МАНУ, предвидени со актите на Академијата, потврдува дека кандидатот Изет Зеќири постигнал солидни резултати и во останатите сфери: учество во подготовка на меѓународни и национални научни проекти во својство на раководител и соработник, педагошко-образовна дејност и продукцијата на кадри (редовен професор кои држи предавања на додипломските, постдипломските и докторските студии на матичниот факултет, но и на економските факултети во Приштина и во Прилеп, подготвени учебници од предметите кои ги предава, повеќе од 50 менторства на магистранди, докторанди и специјализанти во областите кои влегуваат во редот на неговата едукативна и научна дејност и сл.), учество со свои трудови на бројни меѓународни и домашни научни настани (конференции, симпозиуми, советувања, работилници и сл.) со над 70 презентации, учество во редакциски колегиуми на национални, странски и меѓународни научни списанија, како уредник, или член на редакциски колегиуми – вкупно 4 и слично;

– Овде посебно ќе потенцирам дека дописниот член на МАНУ проф. д-р Изет Зеќири, како што може да се види во приложената рецензија, и во периодот по последниот изборен циклус во Македонската академија на науките и уметностите, продолжи да твори и работи со несмалена посветеност, за што говорат постигнатите резултати по 2022 година во сите релевантни сфери кои се предмет на оцена за негов избор од дописен во редовен член на МАНУ – во научноистражувачката дејност, во педагошката дејност, во консултативната и советодавната дејност и во извршувањето на значајни и одговорни функции во доменот на јавниот менаџмент.

Врз основа на опстојно проучување на доставената документација, на најзначајните трудови на кандидатот, како и врз основа на мојата соработка со кандидатот во рамките на Одделението за општествени науки и Центарот за стратегиски истражувања „Ксенте Богоев“ на МАНУ, особено при подготовката и учеството на научни конференции, советувања, работилници и сл., можам да заклучам дека кандидатот **проф. д-р Изет Зеќири, дописен член на МАНУ, ги исполнува неопходните формални и суштински критериуми за избор од дописен во редовен член на Македонската академија на науките и уметностите.**

Скопје, јули 2025 година

Акад. Таки Фити

**До Одделението за општествени науки на**
**Македонската академија на науките и уметостите**

## РЕЦЕНЗЕНТСКИ ИЗВЕШТАЈ ЗА ИЗБОР НА ДОПИСНИОТ ЧЛЕН ПРОФ. Д-Р ИЗЕТ ЗЕЌИРИ ВО РЕДОВЕН ЧЛЕН НА МАКЕДОНСКАТА АКАДЕМИЈА НА НАУКИТЕ И УМЕТНОСТИТЕ

Одделението за општествени науки при Македонската академија на науките и уметностите, на седницата одржана на 7 јули 2025 година, ме определи за рецензент за избор на дописниот член проф. д-р Изет Зеќири во редовен член на МАНУ.

Врз основа важечката регулатива за избори во МАНУ, член 45-д, став 1, алинеја 1 од Статутот на Македонската академија на науките и уметности (15.12.2020) и членовите 9 и 11 од Правилникот за постапката за избор на членови во Македонската академија на науките и уметности (15.12. 2020) и Правилникот за критериумите за избор на членови во Македонската академија на науките и уметности (15.12.2020), земајќи го предвид целокупниот доставен конкурсен материјал и деталниот увид во приложените трудови, ми причинува чест да го поднесам до Собранието на Македонската академија на науките и уметностите следниов рецензентски

## ИЗВЕШТАЈ

### 1. Биографските податоци за кандидатот, образованието, вработувањето и напредувањето во наставно-научните звања

Дописниот член Изет Зеќири, е роден на 2 јануари 1967 година во с. Џепчиште, Тетовско. Дипломирал на Економскиот факултет на Универзитетот во Приштина во 1989 година. Во 1993 година се запишал на постдипломските студии на Економскиот факултет на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје, каде што магистрирал во 1998 година. Докторирал во 2001 година на Униврзитетот во Приштина. Неговиот магистерски труд и докторската дисертација („Улогата и местото на информациите во процесот на одлучување“) и неговите истражувачки преокупации припаѓаат на областите на економските и организациските науки, бизнис-економијата и менаџментот – општ менаџмент, финансиски менаџмент, информациски системи, економско и деловно одлучување. Почетоците на неговата професионална кариера се во јавните финансии, каде што извршувал стручни и стручно-раководни ангажмани. Академската универзитетска кариера ја започнал во 1998 година на Тетовскиот универзитет.

Во својата академска кариера проф. д-р Изет Зеќири извршувал наставно-научни активности на неколу универзитети. Бил редовен професор по група предмети од областа на менаџментот на Факултетот за бизнис и економија на Универзитет на Југоисточна Европа. На додипломските студии ги предавал дисциплините: основи на менаџментот, стратегиски менаџмент и лидерство. На постдипломските студии извршувал наставни активности на дисциплините: напреден стратегиски менаџмент, менаџмент и лидерство, додека на докторските студии на дисциплините: теорија на организација, глобален стратегиски менаџмент и менаџмент на знаењето и иновациите. Како професор е ангажиран и на докторските студии на Екомскиот факултет во Прилеп, а бил раководител (во периодот 2015-19 година) на канцеларијата за обезбедување на квалитет во и професор на Универзитетот Дарданија во Приштина.

Редовен професор е на Економскиот и на Техничкиот факултет на Универзитет „Мајка Тереза“ во Скопје.

Паралелно со неговите научноистражувачки преокупации, во периодот по неговиот избор за дописен член на МАНУ, проф. д-р Изет Зеќири извршувал, или тековно извршува, повеќе раководни, советнички, консултантски и едукативни активности.

Во периодот 2016 – 2019 година, бил декан на Факултетот за бизнис и економија при SEEU во Тетово. Во периодот 2019 – 2023 година бил секретар на Македонската академија на науките и уметности. Од 2022 до 2025 година, бил ректор на Универзитет „Мајка Тереза“ во Скопје. Извршувал или актуелно извршува и други одговорни раководни и јавни функции.

За дописен член на Македонската академија на науките и уметности е избран во 2015 година.

Во прилог е записот на научно-стручните библиографски и останатите референции на доп. член Изет Зеќири, од неговиот избор за дописен член на МАНУ, за периодот од 2015 до 2025 година.[1]

## 2. Научни публикации, книги, монографии и цитираност 2015 – 2025

### *2.1 Листа на книги и монографии (2015 – 2021)*

1. 2024 Зајакнување на младите низ економското образование, Изет Зеќири, Бујамин Бела, Букурие Имери, Скопје : МАНУ. (во подготовка)
2. 2022 SI TË JESHË MENAXHER I SUKSESHËM, SFIDAT MENAXHERIALE NË BOTËN BASHKËKOHORE, Izet Zeqiri, B,Aziri,Shkup; 2022, 180 fq, MANU ISBN 978-608-203-364-8.
3. 2021 *Како да се биде успешен менаџер : менаџерски предизвици во современиот свет*, Изет Зеќири, Б. Азири, Скопје : МАНУ, 2021, 213 стр., ISBN 978-608-203-340-2.
4. 2021 *Мобинг и стрес кај вработените во Република Северна Македонија пред и во екот на ковид-пандемијата*, Изет Зеќири, Б. Азири, Ј. Мазлами, Скопје : МАНУ, 2021
5. 2021 *Ефективноста на учењето од далечина : наставата и учењето од далечина кај високообразовните институции во Република Северна Македонија пред и во текот на ковид-19*, Љ. Коцарев, И. Зеќири ... [и др.], Скопје : МАНУ, 2020, 185 стр., ISBN 978-608-203-315-0
6. 2019 *Идни предизвици на економскиот развој и економските политики на Република Македонија : зборник од научната конференција одржана во Охрид на 4-5 октомври 2018 година*, Уред. одбор Т. Фити претс., Г. Петрески, И. Зеќири, Скопје : МАНУ, 2019, 449 стр., ISBN 978-608-203-251-1
7. 2018 *Bazat e menaxhimit : koncepte dhe aplikime*, Tetovë : Universiteti i Evropës Juglindore, 2018, 322 f., ISBN 978-608-248-020-6
8. 2017 *Dy vjet deputet*, Shkup : Fokus print, 2017, 622 f., ISBN 978-608-4634-23-2 (Две години пратеник, Скопје : Фокус принт, 2017, 622 стр.)
9. 2017 *Menaxhmenti strategjik: Sigurimi i përparësisë konkuruese?*, Tetovë : UEJL

### *2.2. Листа на научни и стручни публикации* (2015 – 2021)

[1]Рецензијата е напишана во согласност со одредбите на Законот за Македонската академија на науките и уметностит и Статутот на Македонската академија на науките и уметностите, како и врз основа на наведените квалитативни и квантитативни критериуми во правилниците за постапката и критериумите за избор за членови во МАНУ

| | | |
|---|---|---|
| 1. | 2025 | Analizë krahasuese e ekonomisë së Maqedonis e Veriut, Shqipëri, Kosovë nga pavarësia, Revista Centrum Skopje. |
| 2. | 2024 | Демографскиот потенцијал како главен предуслов за развој на Република Северна Македонија, И. Зеќири<br>Во *Современата македонска држава – две етапи во процесот на нејзиното формирање и развој: 1941 – 1991 / 1991 – 2021 : зборник од научни трудови : конференција одржана во Македонската академија на науките и уметностите, во соработка со Институтот за национална историја, на 27 и 28 септември 2021 година*, [уред. Д. Ѓоргиев], Скопје : МАНУ, 2024, ISBN 978-608-203-390-7, стр. 139–152 |
| 3. | 2024 | Semantic Fault Localization for Mutation-based Program Repair, A. S. Dimovski, S. Rexhepi, G. Velinov, I. Zeqiri<br>In *13th Mediterranean Conference on Embedded Computing (MECO)*, Budva, Montenegro : IEEE, 2024, Article 10577846 (5 p.) |
| 4. | 2024 | Occupational Safety Awarness Measuring Tool Among Agricultural Workers in North Macedonia, M. Lutovska, Z. Trifunov, I. Zeqiri ... [et al.]<br>In *Proceedings* [Ел. извор*]. 7th International Scientific Conference "Conference on Mechanical Engineering Technologies and Applications" COMETa 2024, East Sarajevo, 14th - 16th November, 2024*], [eds. B.Marković, M. Milutinović, D. Milić], East Sarajevo : University of East Sarajevo ‡Faculty of Mechanical Engineering, 2024, pp. 544–549 |
| 5. | 2023 | Analyses of University Research Commercialization in Underdeveloped Countries: A Case Study of North Macedonia, B. Fetaji, M. Fetaji , M. Ebibi, I. Zeqiri, A. Hasan<br>In *SAR Journal*, ISSN 2619-9955 (p), 2619-9963(e), Vol. 6, issue 4 (2023), pp. 281–287 |
| 6. | 2023 | Analyses of Brain Drain, Causes, Losses and Opportunities, I. Zeqiri, B. Fetaji<br>In *European Journal of Sustainable Development*, ISSN 2545-4463 (p), 2545-4471 (on), Vol. 7, issue 1 (2023), pp. 31–37 |
| 7. | 2023 | Organizational culture and Leadership as predictors of motivation in an organization, A. Zeqiri, I. Zeqiri<br>In *European Journal of Sustainable Development*, ISSN 2545-4463 (p), 2545-4471 (on), Vol. 7, issue 1 (2023), pp. 84–90 |
| 8. | 2021 | Analysis of the Business Detection-making Process in North Macedonia, B. Fetaji, БI. Zekiri<br>Во *Прилози. Оддeление за општествени науки (МАНУ) = Contributions. Section of Social Sciences*, ISSN 0350-1698, LII, 1–2 (2021), стр. [107]–114 |
| 9. | 2021 | Детерминанти на задоволството на студентите од студиската програма. Студија на случај на Универзитетот „Мајка Тереза", И. Зеќири<br>Во *Прилози. Оддeление за општествени науки (МАНУ) = Contributions. Section of Social Sciences*, ISSN 0350-1698), LII, 1–2 (2021), стр. [137]–152 |
| 10. | 2021 | Devising a System for Pre-Diagnostic Analysis of COVID-19 Based on Symptoms Entries and Using Machine Learning, B. Fetaji, M. Fetaji, I. Zeqiri.<br>In *Acta Informatica*, ISSN 0001-5903 (p), 1432-0525 (e), Vol. 59, issue 1 (2022). (во преглед) |
| 11. | 2021 | Човечки ресурси и нивно управување во јавниот сектор во Република Северна Македонија.<br>Во *Societas et scientia : зборник на Охридската школа на природното право : 2019 година*, Скопје : МАНУ, [2021] (во подготовка) |
| 12. | 2021 | Бизнис-стратегии на фирмите во услови на ковид-19, И. Зеќири<br>Во *Истражувачки активности на МАНУ за надминување на пандемијата на ковид-19*, Уред. одбор Љ. Коцарев, претс., Ж. Попов, Г. Бајрам ... и др., Скопје : МАНУ, 2021, ISBN 978-608-203-318-1, стр. [161]–174 |

| | | |
|---|---|---|
| 13. | 2021 | Финансиски перформанс на единиците на локалната самоуправа во Република Северна Македонија во периодот 2011–2019 година, И. Зеќири, Б. Азири, Ј. Мазлами. Во *Предизвиците на фискалната политика во периодот на пандемијата од Ковид-19 и перспективи во посткризниот период : зборник на трудови од научната конференција одржана во Скопје на 20 мај 2021 година*, [уред. Т. Фити], Скопје : МАНУ, 2021, ISBN 978-608-203-332-7, стр. [267]–287 |
| 14. | 2021 | Показатели на фискалната децентрализација на локалните финансии: компаративна анализа на Република Северна Македонија на поранешните југословенски републики, Ј. Мазлами, И. Зеќири, Б. Азири. Во *Предизвиците на фискалната политика во периодот на пандемијата од Ковид-19 и перспективи во посткризниот период : зборник на трудови од научната конференција одржана во Скопје на 20 мај 2021 година*, [уред. Т. Фити], Скопје : МАНУ, 2021, ISBN 978-608-203-332-7, стр. [307]–324 |
| 15. | 2020 | Analysis of the Business Decision-Making Process in North Macedonia, B. Fetaji, I. Zeqiri Во *Прилози. Одделение за општествени науки (МАНУ) = Contributions. Section of Social Sciences (MASA)*, ISSN 0350-1698, LI, 1–2 (2020), стр. [91]–98. |
| 16. | 2020 | Corporate Governance in North Macedonia, Albania and Kosovo: A Comparative Analysis, B. Aziri, I. Zeqiri. In *ISCBIT 2020 : Proceedings of the Fourth International Scientific Conference on Business and Information Technologies*, Tetovo, Faculty of Business and Economics, SEEU, 2020, pp. 29–38 |
| 17. | 2020 | The impact of quality and organizational culture on employee satisfaction, I. Zeqiri, A. Zeqiri. In *Knowledge : international journal : scientific papers*, ISSN 1857-923X (p), 2545-4439 (e), Vol. 40 (2020). (во печат) |
| 18. | 2020 | Функционирањето на регулаторните комисии во Република Северна Македонија, нивната независност – компаративно искуство, И. Зеќири, Б. Азири, Ј. Мазлами. Во *Економски медитации : зборник на трудови по повод 70 години од раѓањето на Таки Фити*, [уред. Г. Петрески], Скопје : МАНУ, 2020, ISBN 978-608-203-307-5, стр. [261]–279 |
| 19. | 2020 | Ефективноста и ефикасноста на регулаторните тела во Република Северна Македонија. Во *Значењето на регулаторните институции за изградба на функционална пазарна економија во Република Северна Македонија : зборник на трудови од тркалезната маса, Скопје, 12 февруари 2020 година*, уред. Таки Фити, Скопје : МАНУ, 2020, ISBN 978-608-203-310-5, стр. 43–70 |
| 20. | 2020 | The Very Essentials of Strategic Management Tools, B. Aziri, , I. Zeqiri. In *International Scientific Journal in Economics, Finance, Business, Marketing, Management and Tourism*, ISSN 2545- 4544, Vol. 7 no. 13–14 (2020), pp. 87–98 |
| 21. | 2020 | Financial Performance Analysis of Banks in the Republic of North Macedonia: An Overview, F. Deari, I. Zeqiri. In *Bulletin of the Transilvania University of Brasov*, ISSN 2065-2194 (p), 2065-2208 (e), Vol. 13(62), no. 1 (2020), (Series V. Economic Sciences), pp. 65–72 |
| 22. | 2020 | Devising Multidimensional Assessment Integrated (MAI) Model of Business Decision Support Software Systems, B. Fetaji, M.Fetaji, I. Zeqiri. In *International Journal of Innovations in Management, Engineering and Science (IJIMES)*, ISSN 2455-9008, Vol. 5, issue 3 (May 2020), pp. 1–7 |
| 23. | 2019 | Корпоративното управување и перформансата на современите корпорации, И. Зеќири, Б. Азири, Ј. Мазлами. Во *Прилози. Одделение за општествени науки (МАНУ) = Contributions. Section of Social Sciences (MASA)*, ISSN 0350-1698, L, 1–2 (2019), стр. [27]–47 |

| | | |
|---|---|---|
| 24. | 2019 | Creating competitive advantage of firms through using different techniques and tools of strategic management.<br>In *Knowledge : international journal : scientific papers*, ISSN 2545-4439 (p), 1857-923X (e), Vol. 31.5 (June 2018), pp. 1223–[1228] |
| 25. | 2019 | Some Simulations On The Portfolio Risk And Return: A Methodological Note, Deari, F., Zeqiri, I., Aliji, S.<br>In *Globalization and Business*, ISSN 2449-2396 (p), 2449-2612 (on), No. 7 (2019), pp. 59–62 |
| 26. | 2019 | Финансирањето на високото образование во Република Македонија – компаративна анализа со избрани земји од регионот и ЕУ. Во *Идни предизвици на економскиот развој и економските политики на Република Македонија : зборник од научната конференција одржана во Охрид на 4-5 октомври 2018 година*, Уред. одбор Т. Фити претсед., Г. Петрески, И. Зеќири, Скопје : МАНУ, 2019, ISBN 978-608-203-251-1, стр. [307]–330 |
| 27. | 2019 | Unbalanced regional economic growth in the Republic of Macedonia, J. Mazllami, I. Zeqiri.<br>In *Book of Procedings : International Scientific Conference: Beginnings of Political Pluralism in Macedonia and Post-Communism, Skopje, SEEU, 18th–19th October 2018*, Skopje FCSS, SEEU, 2019, ISBN 978-608-248-030-5, pp. 91–108 |
| 28. | 2019 | Ефикасен модел на финансирање, предуслов за квалитет и развој на високото образование во Република Северна Македонија.<br>Во *Владеење на правото, доброто управување и квалитетот на институциите : зборник на трудови од Тркалезната маса одржана на 15 ноември 2019 година во Берово = Върховенството на правото, доброто управление и качеството на институциите : сборник с материали от Кръгла маса проведена на 15 ноември 2019 г. в Берово*, уред. В. Камбовски ; ред. одбор Т. Фити ... [и др.], Скопје : МАНУ ; София : БАН, 2019, ISBN 978-608-203-289-4, стр. 89–105 |
| 29. | 2018 | Анализа на можностите за подобрување на квалитетот на високообразовните институции користејќи информациски системи и бизнис-интелигенција и стратегија за подобрување, И. Зеќири, Б. Фетаи<br>Во *Прилози. Одделение за општествени науки (МАНУ) = Contributions. Section of Social Sciences (MASA)*, ISSN 0350-1698, XXXIX, 1–2 (2018): [*број посветен на акад. Алајдин Абази по повод 80 години од неговото раѓање*], стр. [77]–89 |
| 30. | 2018 | Universities as a service factory: lessons from marketing, S. Koku, I. Zeqiri.<br>In *Marketing : македонско меѓународно списание за маркетинг = macedonian international journal of marketing*, ISSN 1857-9787, Year 4, no. 8 (2018), стр. 50–55 |
| 31. | 2018 | The effect of supportive policies on SME development – Kosovo case, K. Ukshini, [I. Zeqiri].<br>In *European Integration - Realities and Perspectives Proceedings: 13th International Conference on European Integration - Realities and Perspectives*, May 18th–19th, 2018, ISSN 2067-9211 (p), 2069-9344 (on), Vol. 13 (2018), pp. 200–210 |
| 32. | 2018 | The new model of local economic development of the municipality of Tetovo, a comparative analysis between Tetovo and Maribor Slovenia, J. Mazllami, I. Zeqiri, B. Aziri.<br>In *Knowledge : international journal : scientific papers*, ISSN 2545-4439 (p), 1857-923X (e), Vol. 26.1 (September 2018), pp. 227–[234] |
| 33. | 2018 | Business Strategies: A Key to Being Successful in the Republic of Macedonia, J. Mazllami, I. Zeqiri, B. Aziri.<br>In *8th International Scientific Conference of Bussines Faculty "Economic Policy and EU Integration"*, May 4–5, 2018 : [Proceedings], Durrës : UAMD, 2018 |
| 34. | 2018 | Universities as a service factory: lessons from marketing, S. Koku, I. Zeqiri.<br>In *Marketing : македонско меѓународно списание за маркетинг = macedonian international journal of marketing*, ISSN 1857-9787, Year 4, no. 8 (2018), p. 51 |

| | | |
|---|---|---|
| 35. | 2018 | Sustainable Financing of Higher Education in Macedonia Precondition for Increasing Quality in Higher Education.<br>In *Business education in the 21st century : conference proceedings* [El. resource], 2nd international scientific conference on business and economics (ISCBE'18) ; [ed. I. Zeqiri], Tetovo : SEEU, 2018., начин на пристап (URL): http://conf.seeu.edu.mk (PDF), ISBN 978-608-248-028-2, стр. 10–19 |
| 36. | 2017 | Стрес на работа. Во *Прилози. Одделение за општествени науки (МАНУ) = Contributions. Section of Social Sciences (MASA)*, ISSN 0350-1698, XLVIII, 1–2 (2017), стр. [99]–115 |
| 37. | 2017 | Time Management Among Managers in the Pollog Region, I. Zeqiri, B. Aziri, J. Mazllami.<br>In *Review of Innovation and Competitiveness : a Journal of Economic and Social Research*, ISSN 1849-8795 (p), 1849-9015 (on), Vol. 3, issue 3 (2017), pp. 39–46. |
| 38. | 2017 | Regional Development as An Imperative for Fostering the Development of Republic of Macedonia, I. Zeqiri, J. Mazllami.<br>In *Knowledge : international journal : scientific papers: "The Teacher of the Future" Thirteenth International Scientific Conference 25–28.5.2017, Budva, Montenegro*, ISSN 2545-4439 (p), 1857-923X (e), Vol. 17.1 (2017), pp. 409–422 |
| 39. | 2017 | Balanced scorecard and its benefits for universities, I. Zeqiri.<br>In *Conference Proceedings : ISCBE'17, International Scientific Conference on Business and Economics "Building bridges between business research and industry needs"* [El. resource], [edit. I. Zeqiri], Tetovo : SEEU, 2017, ISBN 978-608-248-017-6, pp. 6–10, mode of access (URL): https://conf.seeu.edu.mk/wp-content/uploads/2017/10/ISCBE17-PROCEDING-BOOKS-JM-FINALE-22-10-2017.pdf |
| 40. | 2017 | The role of information in financial decision making process: A theoretical view, I. Zeqiri, F. Deari, S. Aliji.<br>In *Globalization and Business : scientific-practical journal*, ISSN (p) 2449-2396, 2449-2612 (on), № 3 (2017), pp. 17–20 |
| 41. | 2017 | Managing of the 2008 Financial Crisis by The Government of the Republic of Macedonia and its Impact on the Business Sector, J. Mazllami, I. Zeqiri, B. Aziri.<br>In *Globalization and Business : scientific-practical journal*, ISSN 2449-2396 (p), 2449-2612 (on), № 3 (2017), pp. 36–43 |
| 42. | 2016 | Role of Innovations in the Development of New Business, Izet Zeqiri, K. Ukshini.<br>In *Economic analysis of global trends in tourism, finance, education and management : conference proceedings : 4th Biennial Intern. scient. congress of business, economics, sport and tourism "Iconbest" 2015*, Skopje : University of Tourism and Management, 2016 |
| 43. | 2016 | Ефекти од мобинг и негово сузбивање, Изет Зеќири, Б. Азири.<br>In *Knowledge : international journal : scientific papers: "The Teacher of the Future" Ninth International Scientific Conference 17-19.6.2016, Durres, Albania*, ISSN 1857-92, Vol. 13.3 (2016), pp. 79-83 |
| 44. | 2016 | Corporate Governance in the Western Balkan Region with Special Emphasises to the Republic of Macedonia and the Republic of Albania, B. Aziri, Izet Zeqiri.<br>In *4th REDETE Conference "Economic development and entrepreneurship in transition economies: Assessment of the last 25 years, going beyond the `transition`" : conference proceedings : Graz, October 22-24, 2015*, manag. eds. J. Ateljević, J. Trivić, Banja Luka : Faculty of Economics, 2016, ISBN 978-99938-46-54-3, pp. 372-384 |
| 45. | 2016 | Пазарот на труд во Република Македонија на патот кон Европската Унија, Изет Зеќири, Брикенд Азири, Јетон Мазлами.<br>Во *Република Македонија на патот кон Европската Унија (2020) – искуства, предизвици, перспективи : прилози од Меѓународната конференција, одржана на 6 мај, 2016 година*, [Уред. одбор Т. Фити... и др.], Скопје : МАНУ : СЕП, Влада на РМ, 2016, ISBN 978-608-203-178-1, 978-608-65718-6-3, стр. 253-266 |

| | | |
|---|---|---|
| 46. | 2016 | Labor market in the Republic of Macedonia on the road to the European Uniuon, Izet Zeqiri, J. Mazllami, B. Aziri.<br>In *The Republic of Macedonia on its path towards the European Uniuon (2020) – experiences, challenges and perspectives : proceedings from the international scientific conference, held on 6 May, 2016*, [ed. board T. Fiti... et al.], Skopje : MASA : SEA, Government of RM, 2016, ISBN 978-608-203-179-8, 978-608-65718-7-0 , pp. 233-245 |
| 47. | 2016 | Tregu i punës në Republikën e Maqedonisë në rrugën drejt Bashkimit Evropian, Izet Zeqiri, J. Mazllami, B. Aziri.<br>Në *Republika e Maqedonisë në rrugën drejt Bashkimit Evropian (2020) - përvoja, sfida dhe perspektiva : kontributet nga konferenca ndërkombëtare shkencore, mbajtur më 6 maj të vitit 2016*, [bordi red. T. Fiti… et al.], Shkup : ASHAM : SÇE, Qeveria e RM, 2016, ISBN 978-608-203-180-4, 978-608-65718-8-7, f. 253-266 |
| 48. | 2016 | Физичкото и вербалното насилство на работа како облици на мобинг кај вработените во Полошкиот Регион, Изет Зеќири, Б. Азири, Ј. Мазлами.<br>Во *Прилози. Одделение за општествени науки (МАНУ) = Contributions. Section of Social Sciences (MASA) : [посветен на акад. Иван Катарџиев]*, ISSN 0350-1698, XLVII, 2 (2016), стр. [149]-181 |
| 49. | 2015 | Менаџмент на знаење како предизвик на фирмите за интегрирање во глобалната економија, Изет Зеќири, Б. Азири.<br>In *(JPMNT) Journal of Process Management – New Technologies, International : [The Intern. Scient. Conference "Knowledge for Health", Bansko, 17-19 April 2015]*, ISSN 2334-735X (print), 2334-7449 (online) = *Knowledge : international journal : scientific and applicative papers. V8/1*, ISSN 1857-92, Vol. 8-1, spec. ed. (April 2015), pp. 358-366. |
| 50. | 2015 | Менаџментот на ланецот на набавка во јавните здравствени институции во Република Македонија, Izet Zeqiri, A. Ferati, K. Ferati.<br>In *(JPMNT) Journal of Process Management – New Technologies, International: [The Intern. Scient. Conference "Knowledge - Who and What", Bansko, 21-25 May 2015]*, ISSN 2334-735X (p), 2334-7449 (on) = *Knowledge : international journal : scientific and applicative papers. V9*, ISSN 1857-92, Vol. 9 (May 2015), pp. 49-55 |
| 51. | 2015 | The Power of Knowledge: Contemporary View on Leadership in Organizations, Izet Zeqiri, B. Aziri. In *Knowledge : international journal : scientific and applicative papers: 2-4.10. 2015 Agia Triada*, ISSN 1857-92, Vol. 10/1 (2015), pp. 27-[30]. |
| 52. | 2015 | Strategic Planning in Function of Quality Assurance in Higher Education Institutions in Macedonia, Izet Zeqiri, B. Aziri.<br>In *Quality of Assessment, Qualification and Evaluation in Higher Education : conference proceedings*, Tetovo : SEEU, 2015, ISBN 978-608-4503-99-6, pp. 155-166. |
| 53. | 2015 | An Analysis of CSR in the Republic of Macedonia, Izet Zeqiri, F. Shishko.<br>In *ICESoS'15: Intern. Conf. on Economic and Social Studies. Regional Economic Development: Business perspectives, April 23-24, 2015 Sarajevo, Bosnia and Herzegovina : proceeding book*, editors Teoman Duman Merdžana Obralić, Sarajevo : International Burch University, 2015, ISSN 2303-4564, Vol. 2, no. 2 (April 2015), pp. 247-251 |
| 54. | 2015 | The Impact of Increased Entrepreneurial Capacities in Raising the Performance of Sme-s in Transition Economies, Izet Zeqiri, K. Ukshini.<br>In *Knowledge : international journal scientific and applicative papers*, ISSN 1857-92, Vol. 11/1 (2015), pp. 41-43 |

***2.3 Поглавја или други значајни публикации***

1. *Идни предизвици на економскиот развој и економските политики на Република Македонија : зборник од научната конференција одржана во Охрид на 4-5 октомври 2018 година*, уред. одбор Т. Фити претс., Г. Петрески, И. Зеќири, Скопје : МАНУ, 2019, 449 стр., ISBN 978-608-203-251-1

***2.4 Цитираност на објавените научни трудови и патенти за пронајдоци во земјата и во странство, во бази на податоци***

2. Citation index 75; H-index 6; i-10 index 1

**3. Конференции, презентации на научни резултати, проекти и други публикации**

***3.1 Учества на меѓународни конференции, презентации и научноистражувачки проекти (како на пример: FP7, Horizon, Erasmus и други), програми и други истражувања (вклучувајќи програми на ЕУ, Светска банка, реномирани странски научни институти и сл.).***

| | | |
|---|---|---|
| 1. | 2024 | 13th Mediterranean Conference on Embedded Computing (MECO), Hotel Budva, Budva, Montenegro, 11–14 June 2024.<br>Реферат: *Semantic Fault Localization for Mutation-based Program Repair* / A. S. Dimovski, S. Rexhepi, G. Velinov, I. Zeqiri |
| 2. | 2024 | 2nd International Congress and 7th Conferences Towards Sustainable Development "TSD 2024", 04–05.11.2024.<br>Реферати: *Learning Organization - The Management Model In Higher Education* / I. Zeqiri, B. Bela , B. Imeri<br>*Roli i planifikimit strategjik në zhvillimin ekonomik lokal* / I. Zeqiri, A. Zeqiri |
| 3. | 2024 | 19th International Annual Meeting of Alb-Shkenca Institute, "Ways of Integrating Albanian Education in the European Educational and Research Area" Shkup = Skopje, 1-2 nëntor = November 2024.<br>Реферати: *Sfidat e Arsim të lartë -Analizë krahasimore Maqedoni e Veriut, Kosovë, Shqiperi = Higher education challenges – comparison analysis in North Macedonia, Kosova and Albania*<br>*The role of human capital in sustainable development through the economic education of youth in the republic of North Macedonia* / I. Zeqiri, B. Bela , B. Imeri-Jusifi |
| 4. | 2024 | 7th International scientific conference "*Conference on Mechanical Engineering Technologies and Applications*" - COMETa2024, East Sarajevo, B&H, 14th – 16th November2024.<br>Реферат: *Occupational Safety Awarness Measuring Tool Among Agricultural Workers in North Macedonia* / M. Lutovska, Z. Trifunov, I. Zeqiri ... [et al.] |
| 5. | 2024 | Konferenca ndërkombëtare shkencore "Pavarësia e shqipërisë dhe shqiptarët 112 vjet pas", Shkup, Universiteti "Nënë Tereza", 28 nëntor 2024.<br>Реферат: *Pavarësia e Shqipërisë dhe ekonomia e Shqiptarëve 112 vjet pas-analizës krahasuese Shqipëri, Kosovë, Maqedonia e Veriut* |
| 6. | 2024 | 8th International Migration Conference Mother Teresa University, Skopje, North Macedonia, 12 December 2024, Skopje, N. Macedonia.<br>Реферат: *Migration of the Population of North Macedonia and the Possibilities of Diasporic People Returning to Their Homeland* |
| 7. | 2023 | The Seventh International Scientific Conference: *The state, society and law: social, economic, political challenges and conditions to peace and security*, Durrës, Albania, Aleksandër Moisiu University Faculty of Political Sciences and Law, 5th May 2023.<br>Реферат: *Determination of Student Satisfaction with Study Program: the Case of Study of University Mather Tereza, Skopje* / I. Zeqiri, Z. Trifunov, B. Bela |
| 8. | 2023 | 7th International Migration Conference on: Migration Trends, Challenges, Priorities and New Policy Pathways, Skopje, North Macedonia, 19 May 2023.<br>Реферат: *Labor productivity* / R. Ademi, I. Zeqiri |
| 9. | 2023 | 12th Mediterranean Conference on Embedded Computing (MECO), Budva, Montenegro, Hotel *Budva*, 06–10 June 2023.<br>Реферат: *Investigating factors that influence the telecommunication company's performance Case study: Telecom of Kosovo (TK)* / M. Fetaji, I. Zeqiri, B. Fetaji |

| | | |
|---|---|---|
| 10. | 2023 | Научна конференција на тема „Забрзување на процесот на пристапување на Северна Македонија во ЕУ: клучни предизвици и приоритети", (орг. МАНУ, Министерство за финансии на РСМ, СЕП на Влада на РСМ), Скопје, МАНУ, 22 јуни 2023.<br>Реферати: *Competitiveness of labour market a comparison on North Macedonia and other countries* / I. Zeqiri, R. Ademi;<br>*Фискалнише предизвици на Реџублика Северна Македонија на џаџош кон ЕУ: Со децентрализирани или централизирани локални финансии* / Ј. Мазлами, И. Зекири |
| 11. | 2023 | 7th Berlin Process Joint Science Conference *Partnering for Excellence – Partnering for Europe*, Tirana, Albania, 18–20 September 2023.<br>Учество |
| 12. | 2023 | VIII Охридска школа за природното право „Препознавање и разбирање на организираниот криминал и корупцијата во контекст на владеење на правото", Охрид, Хотел „Гранит", НУЦ „Уранија", 24–29 септември 2023.<br>Реферат: *Спречување на корупција во јавните набавки во РМ – Состојби, слабости и преземање мерки* |
| 13. | 2023 | Congress *Towards Sustainable Development* – TSD, Skopje, 6–7 November 2023.<br>Реферати (Conference: The Economic and Environmental Aspects of Sustainability: Local and Global Challenges): *The Application of Big Data Analytics for University Management: Improving Decision-Making and Supporting Personalized Learning* / B. Fetaji, I. Zeqiri; *Addressing Youth Empowerment Through Economic Education* / B. Bela, B. Imeri-Jusufi, I. Zeqiri;<br>(Conference: Social sciences in the new millennium and miscellaneous): *The Role of Leadership in Creating Strategic Advantage of Companies Conference* ; *The role of Emotional Intelligence in organizational culture: Case of Business in RMV* / A. Zeqiri, I. Zeqiri |
| 14. | 2023 | 2nd International Scientific Conference of the University *Ukshin Hoti*, Prizren, Kosova, 09–10 November 2023.<br>Реферат: *Sfidat në Arsimin e lartë -Analizë krahasuese në mes Republikës së Maqedonisë së Veriut, Kosovës, dhe Shqipërisë* |
| 15. | 2022 | Susret regionalnih akademija, Sarajevo, ANUBiH, 6–8 oktobar 2022 = Средба на регионалните академии, Сараево, АНУБиХ, 6–8 октомври 2022.<br>Презентација: *Предизвиците на Македонската академија на науките и уметностите* |
| 16. | 2022 | VII Охридска школа на природното право на тема „Одржување на демократско општество преку зајакнување на неговите институции", Научна и уметничка визита 2022, Охрид, НУЦ „Уранија", 27 јуни – 2 јули 2022.<br>Презентација: *Демографскиот потенцијал како фактор за развој на РСМ* |
| 17. | 2022 | 6th International Conference: TSD 2022 – Towards Sustainable Development, Skopje, North Macedonia, 1 December 2022.<br>Презентации: *Impact of Leadership Styles (Transactional vs. Transformational) on Employee Motivation in the SME in North Macedonia*, B. Bela, I. Zeqiri<br>*Organizational Culture and Leadership as Predictors of Motivation in an Organization* / A. Zeqiri, I. Zeqiri<br>*Analyses of Brain Drain, Causes, Losses and Opportunities* / I. Zeqiri, B. Fetaji |

| | | |
|---|---|---|
| 18. | 2021 | Научна конференција „Предизвиците на фискалната политика во периодот на пандемијата на ковид-19 и перспективи во посткризниот период“ (орг. МАНУ, Министерство за финансии на РСМ), Скопје, 20 мај 2021.<br>Презентации: *Анализа на финансиската перформанса на општините во РС Македонија, 2011 – 2019 година*, И. Зеќири, Б. Азири, Ј. Мазлами<br>*Структура на буџетот на локална власт како учество во БДП – индикатори на фискална децентрализација: Компаративна анализа меѓу поранешните југословенски републики*, Ј. Мазлами, И. Зеќири, Б. Азири |
| 19. | 2021 | Свечен научен собир „Современата македонска држава – две етапи во процесот на нејзиното формирање и развој: 1941–1991 / 1991–2021 година“, онлајн-платформа ЗУМ, 27–28 септември 2021.<br>Презентација: *Демографскиот потенцијал како главен предуслов за развој на Република Северна Македонија* |
| 20. | 2021 | 4th IEEE International Conference on Computing, Electronics and Communications Engineering (iCCECE '21) 2021, University of Essex, Southend Campus, UK (online - live interactive virtual conference), 16th–17th August, 2021.<br>Presentation: *COVID19 Impact for Medical Clinics, Analysing and Devising a Safety Software Model for Medical Clinic*, M. Fetaji, B. Fetaji, H. Snopce, I. Zeqiri, M. Ebibi. |
| 21. | 2021 | Ohrid School of Natural Law 2021: Session Fundaments of the Legal Reform in the Republic of North Macedonia and Enviormental Justice, Online, 12th October 2021.<br>Презентација: *Ефикасноста на управување со комуналниот отпад во Република Северна Македонија* |
| 22. | 2020 | 26th International Scientific Conference *The Teacher of the Future*, Budva, Montenegro 29-31 May 2020<br>Paper: *The impact of quality and organizationalculture on employee satisfaction*, I. Zeqiri, A. Zeqiri |
| 23. | 2020 | Тркалезна маса на тема: „Значењето на регулаторните институции за изградба на функционална пазарна економија во Република Северна Македонија“, Скопје, МАНУ, 12 февруари 2020.<br>Презентација |
